ЗАПИСНИК

Од одржаната 31-ва седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 10.07.2023 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с.Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присутни беа сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска–Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Иванчо Котевски, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалник Стевче Стевановски и вработени во Општина Новаци: Анета Киселоска – раководител, Оливера Димитровска - раководител, Летка Јовановска – раководител, Катерина Чукалевска – советник, Николина Лозановска – советник.

Гости: преставници на „САЛАР Интернешанал“ – шветска асоцијација на локални власти и региони.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 30-та седница на Совет на Општина Новаци;
2. Информирање на Советот на Општина Новаци во врска со постапката за формирање на меѓуопштинско (регионално) јавно претпријатие за управување со отпад;
3. Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
4. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;
5. Разгледување и донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Новаци за период 2023 – 2028 година;
6. Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ученици запишани во прво одделение во ООУ ,,Славко Лумбарковски“-Новаци и неговите подрачни училишта, бр.14-105/10 од 31.01.2023 год.;
7. Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за периодот 2023/24 година на ООУ „Славко Лумбарковски“ - Новаци;
8. Разгледување и усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 год. на ЈПКД „ Комунална хигиена “- Новаци;
9. Разгледување и усвојување на Финансиска програма за сезоната 2023/2024 год. на ЗФК „Новаци 2005“ – Новаци;
10. Разгледување и усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година, бр.14-1056/12 од 15.12.2022 г. и бр. 14-380/4 од 10.05.2023 год.;
11. Разгледување и усвојување на Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2023 година;

12. Разгледување и донесување на Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловени простории
13. Разгледување на Барање од Здружение на Пелагониски културно-научни средби при Општина Новаци за финансиска помош за печатење на Зборник од Пелагониските средби одржани 2022 год.;
14. Разгледување на Барање од Лиле Симоновска од Скопје за ослободување од сметка од ЕВН за улично осветлување;
15. Советнички прашања.

Пред гласање на Дневниот ред на 31-та седница на Советот на Општина Новаци, збор зеде советникот Иванчо Котевски кој побара измена во редоследот на точките на дневниот ред. Имено тој предложи замена на точките бр. 8 и бр. 9, така што точката со бр. 9 да биде точка бр. 8 и обратно точката со бр. 8 да биде точка бр. 9.

Претседателката на Советот Славица Најдовска - Стојковска го стави на гласање дневниот ред на 31-та седница на Советот на Општина Новаци со изменет редослед и истиот беше усвоен со **9 гласа за.**

1 точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 30-та седница на Совет на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 30-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2 точка: Информирање на Советот на Општина Новаци во врска со постапката за формирање на меѓуопштинско (регионално) јавно претпријатие за управување со отпад;

Преставници „САЛАР Интернешанал“ – Шветска асоцијација на локални власти и региони, Емил Ангелов и Бојана Станојевска-Пецуровска пред советниците го презентираа проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ како и постапката за формирање на регионално комунално претпријатие. По презентацијата, се разви дискусија во која советниците побараа детално да им се образложи кои се позитивните и негативните аспекти од формирањето на регионалната депонија која ќе управува со отпадот од 18 општини во Пелагонискиот и Југозападниот регион, а ќе биде стационирана на постоечката депонија Мегленци, која се наоѓа на територија на општина Новаци.

Советникот Љупчо Петровски од оправдани причини ја напушти 31-та седница на Советот на општина Новаци.

3 точка: Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

Оливера Димовска – раководител на финансии, пред советниците ја образложи потребата од пренамена на средствата од ставката изградба и реконструкција на локалните патишта и улици во ставката општинска администрација.

Советот на Општина Новаци гласаше со **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на Општина Новаци за 2023г.

4 точка: Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година;

Оливера Димитровска - раководител на финансии им посочи на советниците дека соодветно на промените кои се направени со пренамената на Буџетот на Општина Новаци за

2023 г. потребно е да се направи и измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023г.

Советот на Општина Новаци гласаше со **8 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

5 точка: Разгледување и донесување на Стратегија за локален економски развој на Општина Новаци за период 2023 – 2028 година;

По однос на петтата точка Катерина Чукалевска вработена во општинаската администрација, пред советниците детално им ја презентираше Стратегијата за ЛЕР за наредните пет години. Во овој стратешки документ се наведени 4 стратешки цели: Развој на рурален, меморијален и еко туризам со искористување и промоција на културното, историското и природното наследство, Унапредување и понатамошен развој на земјоделието, Задржување на населението и создавање на едуцирани кадри, Обезбедување на здрава и чиста животна средина

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Стратегија за локален економски развој на Општина Новаци за период 2023 – 2028 година.

6 точка: Разгледување и донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ученици запишани во прво одделение во ООУ ,,Славко Лумбарковски"-Новаци и неговите подрачни училишта, бр.14-105/10 од 31.01.2023 год.;

По однос на оваа точка, Советот беше информиран дека висината на финансиските средства кои се доделуваатт на сите ученици кои се запишуваат во прво одделение во учебната 2023/24 год. ќе се зголеми од 6.000,00 ден. на 10.000,00 ден. Воедно советниците добија информација дека оваа година во прво одделение ќе се запишат само 13 деца што претставува загрижувачки податок.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за ученици запишани во прво одделение во ООУ ,,Славко Лумбарковски"- Новаци и неговите подрачни училишта, бр.14-105/10 од 31.01.2023 год.

7 точка: Разгледување и усвојување на Годишен план за вработување за периодот 2023/24 година на ООУ „Славко Лумбарковски" - Новаци;

Советот го разгледа Годишниот план за вработување и констатира дека во него нема планирани нови вработувања, со оглед на податокот дека во Општина Новаци континуирно се намалува бројот на ученици како последица на миграцијата село-град и село – странство.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност на Годишниот план за вработување за периодот 2023/24 год. во ООУ "Славко Лумбарковски"-Новаци.

8 точка: Разгледување и усвојување на Финансиска програма за сезоната 2023/2024 год. на ЗФК „Новаци 2005" – Новаци;

Советниците ги разгледаа Финасиските програми за првата екипа и за младинската екипа на ЗФК „Новаци 2005" – Новаци. По однос на оваа точка збор зеде Иванчо Котевски кој пред советниците изјави дека според негово мислење станува збор за нереална финансиска програма во која има мноштво неправилности.Тој исто така на советниците детално им ги предочи сите неправилности од кој според него најзначајни се: во делот на плати на фудбалерите, бројот на вработени, високата цена за набавка на маркери, одржувањето на тревниот дел од стадиопнот, непостоење на премии и награди и многу други. По неговото излагање меѓу советниците се разви дискусија.

По дискусијата Градоначалникот Стевановски им предложи на советниците висината на финансиските средства кои Општина Новаци може да ги обзбеди за потребите на ЗФК „Новаци 2005“ за натпреварувачката сезона (пролетен и есенски дел) изнесува 5.000.000,00 денари. Исто така од страна на Претседателката на Советот Најдовска – Стојковска беше побарано да се достави извештај за искористени средства доделени од страна на Општина Новаци за пролетниот дел од натпреварувачката сезона на ЗФК „Новаци 2005“.

По исцрпувањето на дискусијата, Советот на општина Новаци гласаше по предлогот на Градоначалникот и со **5 гласа за, 1 глас воздржан и 1 глас против** (советникот Александар Канзуровски за време на гласањето беше отсутен) донесе Одлука за доделување на финансиски средства на „ЗФК Новаци 2005“ – Новаци.

9 точка: Разгледување и усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 год. на ЈПКД „ Комунална хигиена “- Новаци;

Со оваа Предлог - Програма се вршат измени во единечните цени на услугите за одржувањето на јавната чистота со тоа што износот во програмата за јавна чистота од 4.151.124 денари се зголемува за 693.057 денари или вкупно за реализација на програмата за одржување на јавната чистота на територија на Општина Новаци за 2023 година потребни се финансиски средства во износ од 5.196.418 денари. Во период од 01.01.2023 година до 31.05.2023 година од програмата се искористени 1.729.635 денари, со што во период од 01.06.2023 до 31.12.2023 година би се искористиле уште 3.466.783 денари.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** усвои Програма за измена и дополнување на Програмата за одржување на јавна чистота (јавни површини, паркови, зеленило и рекреативни површини) на територијата на Општина Новаци за 2023 год. на ЈПКД „ Комунална хигиена “- Новаци.

10 точка: Разгледување и усвојување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 година, бр.14-1056/12 од 15.12.2022 г. и бр. 14-380/4 од 10.05.2023 год.;

Советот ја разгледа Програмата во која промената се однесува во делот на урбанистички план за Инфраструктурна градба, пешачко-рекреативна патека од населено место село Новаци до Манастир „Рождество на Пресвета Богородица“, с. Новаци, Општина Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2023 год., бр.14-1056/12 од 15.12.2022 г. и бр. 14-380/4 од 10.05.2023 г.

11 точка: Разгледување и усвојување на Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2023 година;

Летка Јовановска - раководител им даде објаснување на советниците за главните сегменти од програмата за која финансиите се обезбедуваат од надоместокот за произвотство на енергија од фосилни горива за 2021 год. како наменска дотација во износ од 5 181 727,00 ден. и од буџетот на Општина Новаци за 2023г.во износ од 1.000.000,00 ден. Овие средства ќе се наменат за изградба на пешачко-рекреативна патека од населено место село Новаци до Манастир „Рождество на Пресвета Богородица“, с. Новаци.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Програма за управување со животна средина во однос на влијанието од енергетскиот сектор во Општина Новаци за 2023 година.

12 точка: Разгледување и донесување на Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловени простории;

Советниците беа информирани за тоа дека Општина Новаци има намера за започне постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловни простории по пат на електронско јавно наддавање на дел од објект – зграда на Општина Новаци во с.Новаци со две деловни простории од кои, деловна просторија со влез 6 се издава за користење со намена угостителски објект, а деловна просторија со влез 5 е помошна просторија во функција на деловната просторија со влез 6.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за започнување на постапка за давање под закуп на недвижни ствари – деловени простории

13 точка: Разгледување на Барање од Здружение на Пелагониски културно-научни средби при Општина Новаци за финансиска помош за печатење на Зборник од Пелагониските средби одржани 2022 год.;

Советниците го разгледаа Барањето од Здружение на Пелагониски културно-научни средби кои традиционално се одржуваат во Општина Новаци така што по кратката дискусија **со 6 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за одобрување на еднократна финансиска помош на Здружение Пелагониски културно-научни средби при Општина Новаци.

14 точка: Разгледување на Барање од Лиле Симоновска од Скопје за ослободување од сметка од ЕВН за улично осветлување;

Советниците го разгледаа Барањето од Лиле Симоновска од Скопје која има насад со лешници во с. Добромири. Имено на сметката од ЕВН за броилото со кое користи електрична енергија за работа на пумпата со која се врши наводнување на насадот со лешници, е наведена и сметка за улично осветлување кое во тој дел од местото непостои.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Заклучок за ослободување од плаќање на потошена електрична енергија за улично осветлување во с.Добромири на барање од Лиле Симоновска од Скопје

15 точка: Советнички прашања

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања, 31-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска